РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 21. 11. 2025
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 11 | 171 | | |

**До: Градоначалник на Општина Битола, лица задолжени за информации од јавен карактер, раководител на одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина.**

## БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

[redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- Прашањата произлегуваат од Комисијата за човекова средина

1.Бидејќи единствена пречка за реализација на поставување на подземните контејнери според вас беа изборите, Ве молам наведете колку подземни контејнери беа предвидени и на кои локации беше предвидено да се постават и за каква Одлука што не ја донесе советот станува збор

2.Колку кампањи за подигнување на јавната свест се спроведени без финансиски импликации како што и сами кажувате на комисијата,колку се одржале во периодот од 2021-2025, кои се целните групи,кои се возрасните граници и дали имате повратни иформации од постигнатиот ефект

3.Дали Општина Битола учествува во активностите во училишните програми и со каква едукативна содржина за животната средина земајќи во предвид дека средствата од 100 000 ден не се искористени.

- Ве молиме наведете ги сите активности во 2025 година со кои сметате дека точката подигнување на јавната свест е реализирана

4.Катастар на бучава и катастар на води - Леап,кои се податоци поврзани со овие два катастри ги имате отпочнато и ве молиме доколку сметате истите да ни ги доставите.

- Со кои институции имате воспоставено институционална соработка поврзани со овие два катастри, кога е започната (точниот период на отпочнување) за истата да 1 година период не беше завршена.

- Да се приложи Меморандумот за соработка и да се наведат институциите

- Со какво истражување увидовте дека финансиската рамка од неизгласаниот дотогаш Леап се мали во споредба со сегашните пазарни цени, дали воспоставивте технички дијалог и кои фирми се јавија на истиот доколку го спроведивте.

Трансфери на средства - прочистувачи

1.Колку градинки,колку основни училишта и средни има на територијата на Општина Битола

2.Доколку со одлука на влада се дадени 10 прочистувачи:

- Каде се поставени тие 10 прочистувачи (во кои училишта) а колку училишта се без прочистувачи.

Доколку има училишта без прочистувачи тогаш требаше од ставката 700.000 денари да се набават прочистувачи за останатите деца. Ставката не е искористена,средствата се пренаменети бидејќи до 11 месец истите не се реализирани.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Битола, 20 Ноември 2025 год.** ______________________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

До
Одделение за јавни дејности

Бр.11-171/2
21.11.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-171/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Марија Атанасовска

Примил:
21.11.2025 г.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за урбанистичко планирање
и заштита на животна средина

Бр.11-171/3
21.11.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-171/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Марија Атанасовска

Примил:

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

Administration des postes d'origine
Поштенска управа на потекло

**AVIS de réception/de livraison/de paiement/d'inscription**
**Повратница/извештај за врачување/исплата/книжење**

КСН 11 МА

**П-20/CN 07**

Bureau de dépôt
Приемна пошта

Date
Датум

Destinataire de l'envoi
Примач на [redacted]

**A.R.**

Service des postes
Поштенска служба

Nature de l'envoi / Вид пратка

Prioritaire/ Lettre
Приоритетна/ Писмо

Non prioritaire/ Imprimé
Неприоритетна/ Печатена работа

Colis
Пакет

Recommandé
Препорачана

Nº de l'envoi
Бр. на пратката

Livraison attestée
Потврдено врачување

Valeur declarée
Означена вредност
Montant
Износ

Mandat ordinaire/ Обична уплатница/
de versement
уплатница

Chèque d'assignation
Уплатнички чек

Montant
Износ

Prioritaire/ Par avion
Приоритетно/ Авионски

Timbre du bureau renvoyant l'avis
Жиг на поштата што ја враќа повратницата

24.11.25 - 08
7001

A remplir par l'expéditeur
Го пополнува испраќачот

Renvoyer a / Да се врати на

Nom ou raison sociale
Физичко или правно лице

Rue et nº
Улица и број

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

Localité et pays
Место и земја

БР. 11-171/4
21.11. 2025 ГОД.
БИТОЛА

A compléter à destination /Да се пополни во одредишното место

L'envoi mentionné ci-dessus a été dûment / Горespoemнатата пратка е прописно

remis
врачена

payé
исплатена

inscrit en CCP
книжена во корист на поштенска тековна сметка

Date et signature
Датум и потпис

24.11.25

* Cet avis pourra être signé par le destinataire ou, si les reglements du pays de destination le prévoient, par une autre personne autoisée ou par l'agent du bureau de destination.
* Овој извештај може да го потпише примачот или друго овластено лице или службеникот од одредишната пошта, доколку тоа го предвидуваат прописите на одредишната земја.

Обр. П-20/CN-07

---

...ити работи
...ти

Бр.11-171/4
21.11.2025

...д јавен карактер

...ии од јавен карактер,
...1-171/1 од 21.11.2025

...ција со барателот.

Во прилог:
-Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер 11-171/1 од 21.11.2025 год.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

Марија Атанасовска

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-171/5
21.11.2025

[redacted]
7000 Битола

**Предмет: Доставување за Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Почитувани,

Согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Ве известуваме дека Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер доставено до Општина Битола, препратено е до **ЛП Комуналец Битола** по однос на Вашето првото поставено прашање.

Секоја понатамошна комуникација ќе се одвива меѓу Вас и ЛП Комуналец Битола.

Во прилог:

- Допис до ЛП Комуналец бр.11-171/4 од 21.11.2025.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Марија Атанасовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 24. 11. 2025
11 171/6

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**

Битола,24.11.2025 год.

До
Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Марија Атанасовска

Предмет: Доставување на информации

Во однос на барањето [redacted] Ви ја доставуваме следната информација:

1.На територијата на Општина Битола има 2 (две ) градинки, 12 (дванаесет) основни училишта, 7 ( седум ) средни училишта.

2. Прочистувачите кои се дадени со Одлука на Влада за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола од 08.07.2025 година, се распределени со Одлука за примање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола за потребите на градинките и средните училишта со бр.09-101/3 од 26.08.2025 година, а во самата Одлука се наведени примателите на прочистувачите.

Раководител на одделение за јавни дејности
Виолета Налевска

Изработил: Наташа Ташкова Поповска

"Булевар 1[ви] Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 327 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина

бр.11-171/3

25.11.2025 година

Битола

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: 05.12.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност |
| 11 | 171/7 | | |

До

Марија Атанасовска

Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер

ПРЕДМЕТ: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер, предмет бр.11-171/3 од 21.11.2025год.

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр.11-171/3 од 21.11.2025год, испратено до Општина Битола од страна на [redacted] Ве информираме за следното:

**Кампањи за подигање на јавната свест за заштита на животната средина...**

Општина Битола, свесна за потребата од подигање на јавната еколошка свест и придобивките од тоа, во континуитет превзема низа на активности со цел да се подигне јавната свест за значењето на заштитата на животната средина на повисоко ниво и да се охрабри населението да превземе чекори за заштита и грижа за истата

Реализирани се активности и кампањи од повеќе аспекти и за различни интересни групи. На подигањето на јавната свест особено се работи во соработка со невладиниот сектор за реализација на проекти, организирање манифестации, одбележување на денови од еколошкиот календар, печатење пропаганден материјал и сл.

Дел од кампањите се: Проект во соработка со Салар интернационал за подигнување на јавната свест за придобивките од селекција на отпад и подобрување на системот за управување со отпад, Акција Генералка викенд – кампања за подигнување на јавната свест на урбаните и месни заедници, основни и средни училишта за затворање на дивите депонии и оплеменување на просторот, Проект во соработка со Пакомак за поставување на вендинг машини – подигнување на јавната свест за рециклирање на пластични ПЕТ шишиња и лименки преку стимулирање со поврат на средства за секое рециклирано шише/лименка поврат од 0,5 денари, достава на флаери до домаќинствата за придобивките од селектирање на отпад...

Во духот на подигање на јавната еколошка свест во континуитет се доделуваат Субвенции за купување на инвертер клима уреди, велосипеди, изведба на енергетски фасади како и доделување на канти за отпадоци и мотивирање на населението за систематско и континуирано влијание за промена на навиките.

Особено се опфатени школските деца, на чија сензибилизација се работи во континуитет во склоп на училишните програми со организирани настани со различни теми од областа на животната средина.

Дел од темите во контекст на заштита на животната средина се следните:

„Справување со отпад “ 2. „Микроклима“ 3. "Водата вреди затоа треба да се штеди " 4. “ Светски ден на чисти планини” 5. “Светски ден на здравјето” 6. “Управување со отпад” 7. “Велосипед и сообраќајни современи средства на електричен погон” 8. “Светскиот ден на планетата Земја” 9. “ Заштеда на енергија, Заштеда на вода, Здрава храна, Уреден и еколошки двор и Отпад” 10. “5 март Светски ден на заштеда на енергија” 11. “26 септември Светски ден на чисти планини Светски ден на здравје” 12. “ Отпад, Идентификување поими за отпад и дискусија за чисто/валкано.”...

Ефектите од реализацијата на кампањите се видливи на терен, но сеуште не се на ниво кое е потребно за значително напредување.
Евидентен е напредок и позитивни ефекти во делот на промена на навиките на населението при избор на начин на греење пропратено со намалување на емисиите кои потекнуваат од загревањето на домаќинствата, промена на навиките за користење на велосипедот како превозно средство и големиот интерес кај граѓаните за кампањите кои се пропратени и со соодветни субвенции. Овие мерки би требало да продолжат и во наредните години.
Евидентен е напредок и во делот на селекција на отпадот, но за истата е потребно да се обезбедат и пропратни услови.
Се осеќа напредок и во делот на создавањето на навики и создавање на еко култура кај помладите генерации.
Според досегашните искуства соработката со НВО дава најдобри резултати во овој домен заради нивното големо искуство и добро организирање на своето членство и граѓанскиот сектор воопшто.

**Изработка на Катастар на стационарни извори на бучава и изработка на Катастар на загадувачи на води**

За полесно управување со квалитетот на животната средина на една урбана средина каде сите медиуми и области на животната средина се нападнати, во Општина Битола е утврдена потребата за создавање на база на просторно – нумерички податоци за сите чинители на животната средина.

Општина Битола утврди потреба од доекипирање на Одделението и формирање на тим за координација, мониторинг и контрола на сите податоци од сите активности поврзани со заштитата на животната средина.

Отпочната е постапка за прибирање на податоци, мапирање на сите активности во рамки на Одделението, воспоставена е соработка со Министерство за животна средина и институции кои поседуваат податоци поврзани со притисоците кои се вршат врз животната средина и здравјето на лугето. Целта е истите прецизно да се идентификуваат за да може да се превземат мерки за нивно анулирање и одржливо живеење на заедницата. За дел од овие активности не е утврдена потреба од финансиски средства.

Со почит,

Изработил: Катерина Секулоска

Раководител на Одделение за УП и ЗЖС

М-р Валентина А. Кривашија диа

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-171/8
05.12.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барател[redacted]однесено на **21.11.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ УВАЖУВА** барањето н[redacted]о барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-171/2025** од **21.11.2025 година**, во врска со прашања поврзани од комисијата за човекова средина.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот[redacted]однесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број 11-171/2025 на ден 21.11.2025 година. Во барањето наведе дека бара информации во врска со прашања поврзани од комисијата за човекова средина.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-171/1 од 21.11.2025.
2. Допис до Одделение за јавни дејности бр.11-171/2 од 21.11.2025.
3. Допис до Одделение за животна средина бр.11-171/3 од 21.11.2025.
4. Допис до ЈП Комуналец бр.11-171/4 од 21.11.2025.
5. Допис до барателот Иван Чулакоски-Известување за препраќање на барање за ЈП Комуналец бр.11-171/5 од 21.11.2025.
6. Одговор од Одделение за јавни дејности бр.11-171/6 од 24.11.2025.
7. Одговор од Одделение за животна средина бр.171/7 од 05.12.2025.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 05.12.2025 година, под бр. 11-171/8.

**Службено лице за посредув ање при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

Емилија Илиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА